Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за патен сообраќај и инфраструктура

**Арх. број:** **10 – 5120 / 1 од 13. 07.2026 година**

**До:** **Превозниците кои учествуваат во меѓународен превоз на стоки**

**Предмет:** **Информација за вградување на тахограф во лесни комерцијални возила (возила чија максимална дозволена маса заедно со приклучното возило е поголема од 2,5 тони, а помала од 3.5 тони)**

Почитувани превозници,

Министерството за транспорт Ве информира дека согласно одредбите од АЕТР спогодбата*, Регулативата (ЕУ) 561/2006 на Европскиот парламент и на Советот како и националниот Закон за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај:

- Обврската за вградување паметен тахограф од втора генерација** во лесните комерцијални возила (возила со максимална дозволена маса заедно со приклучното возило е поголема од 2,5 тони, а помала од 3.5 тони) се однесува само на возила регистрирани во: Земја членка на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка, Обединетото Кралство или Швајцарија.

Согласно горенаведеното, во возилата со максимална дозволена маса заедно со приклучното возило поголема од 2,5 тони, а помала од 3.5 тони регистрирани во Република С. Македонија вградувањето на тахограф не е задолжително дури и кога се врши меѓународен превоз на стока (или каботажа) кој во целост се извршува на територијата на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн, Норвешка, Швајцарија и/или Обединетото Кралство, но, во овој случај, се применуваат одредбите од Регулативата (ЕУ) 561/2006.

Со почит,
Марјан Копевски
Раководител на одделение

----------------

*АЕТР спогодбата не е применлива за лесни комерцијални возила

** дефиниран во Член 5, точка 1-г од Закон за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (Службен весник на Република Македонија бр. 140/18 и Службен весник на Република С. Македонија бр. 224/24, 101/25 и 192/25)


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk